**Известување за концентрација со која КЕР ТОКИ ПАУЕР АД, Бугарија, ќе стекне контрола над РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ РЕС ДОО Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-2/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.01.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која КЕР ТОКИ ПАУЕР АД, со седиште и адреса во град Софија, бул. „Цар Освободител“ бр. 14, **Бугарија**, ќе стекне контрола над **РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје**, со седиште на Бул.Свети Климент бр.30, **Република Северна Македонија**.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

КЕР ТОКИ ПАУЕР АД нуди широк спектар на висококвалитетни услуги во областа на стекнување, продажба и дистрибуција на опрема што се користи при изградба и работа на фотонапонски централи, како и други апликации и капацитети базирани на електрична енергија произведена од сончева енергија, стекнување, изградба, работење и управување со фотоволтаични/соларни/електрани, решенија поврзани со енергетската ефикасност, системска интеграција и развој на софтвер, развој и обезбедување на интернет услуги и информациски технологии, поддршка на компјутерски системи, консалтинг, посредничка дејност како и секоја друга комерцијална активност која не е забранета со законите на Република Бугарија и за која не е потребна претходна дозвола (лиценца), а во случај кога е потребна дозвола за некоја од горенаведените активности, таа ќе се спроведе по добивање.

КЕР ТОКИ ПАУЕР АД нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва лоцирани во Северна Македонија, ниту пак остварило приход во 2022 година на пазарот на Република Северна Македонија.

Дејноста на Друштвото за трговија и снабдување на електрична енергија РЕЊУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје претставува трговија со електрична енергија.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар на снабдување и трговија со електрична енергија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.01.2024 година
Скопје